РИСТО КИРАЦИЕВ

СЕЛО НЕВОЉАНИ ЛЕРИНСКО

СКОПЈЕ 1986

РИСТО КИРАЏИЕВ

СЕЛО НЕВОЉАНИ ЛЕРИНСКО

СКОПЈЕ 1986

РИСТО КИРАЦИЕВ: СЕЛО НЕВОЛЈАНИ, ЛЕРИНСКО

Издавач
авторот **РИСТО КИРАЦИЕВ**

Уредник, јазична редакција и коректура
Васко Караџа

Рецензенти
Христо Андоновски и Славе Николовски-Катин

Превел на англиски јазик
Славе Николовски-Катин

Лектор на англискиот текст
Џим НаПатерој

Технички уредник
Стојан Блажевски

Печатено во Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје, 1986 год.
Тираж 400

Published by

RISTO KIRADJIEV
THE VILLAGE OF NEVOLYANI — DISTRICT OF LERIN

Editor
Vasko Karadja

Reviewers: Hristo Andonovski and Slavé Nikolovski-Katin

Translated from Macedonian by
Slavé Nikolovski-Katin

Translated edited by
Jim NaPateroy

Technical and art editor
Stojan Blaževski

Printed by Publishing House "Goce Delčev", Skopje,
1986, in 400 copies.

Авторот РИСТО КИРАЦИЕВ
The author Risto Kiradjiev

СЕЛО НЕВОЛЈАНИ, ЛЕРИНСКО

Се решив да ја напишам и издадам оваа мала книшка за моето родно село Неволјани, Леринско, Егејска Македонија, Грција, поттикнат од големата љубов кон него и неговото минато, кон жртвите што ги даде за слободата.

Судбината на Македонците од Егејска Македонија, како што е познато, не им беше благонаклонета низ вековите. Ропство, угнетување, непризнавање и асимилација, но и жестока борба за опстанок и слобода.

* * *

МЕСТОПОЛОЖБА НА СЕЛОТО

Селото Неволјани се наоѓа на 3 км јужно од градот Лерин и е едно (или можеби беше) од поголемите села во Леринска околија со 300 куќи и со над 2900 жители сè до 1946 година. Неволјани е расположено во подножјето на планините Кула и Лопушнец, непосредно под Калугерица и селската корија. Низ селото тече Неволјанската река. Водите на оваа рекичка, која селаните ја викаа и Матица, во минатото вртеа околу 15 воденици и ги поливаа селските градини што ги имаше пред секоја куќа, а исто и поголем дел од полето Неволјанско. Од Лопушнец доаѓа и рекичката Четирска.

Значи Неволјани има своја планина и поле и се наоѓа меѓу градот Лерин и селата Лажени, Песочница, Кучковени, Маала и Крапештина. Лопушнец му припаѓал во минатото на некој турски бег, кој потоа му го продал на Неволјани и на Нерет, притоа поголемиот дел го купил Нерет, помал дел Неволјани и нешто помало задржал бегот Карасалија, кој потоа својот дел му го продал на селската општина. Се зборуваше, меѓутоа, дека овој дел го присвоиле тогаш Коце Нанов, Ване Дафов и Ване Димитриов кои во тоа време беа членови на црковната управа, со чии пари и бил купен тој имот.

КОРЕНИТЕ НА СЕЛОТО, КАЖУВАЊА И ЛЕГЕНДИ

Веројатно селото Неволјани како селска населба постој многу векови, населено со македонско население, уште од времињата пред Самуиловото царство. Подоцна во времето на турското владеење во селото се населиле и Турци така што според некои податоци во 1913 година селото имало 1833 жители, а во 1920 г. имало 1520 жители.. Во 1928 г. Неволјани имало 1478 жители, додека според пописот од 1940 г. се води со 1731 жител. Податоците пак од 1971 г. покажуваат дека имало 732 жители од кои 2/3 се Македонци а останатите грчки доселеници дојдени по 1924 г. Овие бројки јасно сведочат за масовното иселување на населението во поново време во прекуокеанските земји. Во немирните години на Граѓанската војна во Грција многу фамилии и поединци пребегнаа во разни земји, бегајќи од теророт на реакционерните сили.

Како што се раскажувало од дедо и прадедо, селото Неволјани порано било лоцирано во полето кај месноста наречена Шулдур и така се викало некое време и самото село, што на турски значело помини-застани. Низ селото минувал патот од Лерин за Костур. Токму низ оваа населба минувале и караваните со камили, мазги и коњи — единствен начин за пренесување на трговската стока во тоа време во споменатите градови.

Селаните тогаш имале доста мака од кирациите што минувале низ селото особено ноќе. Тие им го краделе добитокот на минување и го продавале во Костур, им ги кршеле џамовите од прозорците. Затоа околу 1518 година селаните решиле да го преместат селото подалеку од патот, малку повисоко, токму на местото каде што се наоѓа и денес. Но за ова требаше да се прашаат турските власти. Кочобашија на селото тогаш бил некој по име Никола Топал и тој се решил да појде кај турскиот валија да побара дозвола за преместување на селото. Кога Никола Топал му го поставил прашањето на валијата, тој го прашал:

— Зошто, бре ѓаур, сакаш да го пренесуваш селото?

— Од неволја, ефенди, од неволја, му рекол кочобашијата Топал објаснувајќи му ги причините и барањето на сите селани, нивните домови да бидат подалеку од главниот пат. Така беше добиена дозволата за преместување на селото и бидејќи тоа беше сторено поради неволјите, затоа и селото го доби името Неволјани.

НЕВОЛЈИТЕ ПРОДОЛЖИЈА

Таа е накратко легендата за село Неволјани. Но и со уселувањето на Турците составот на населението беше: 80% македонски словени, христијани, а 20% биле Турци, муслимани. Иако Турците биле далеку помалубројни тие ја поседувале најплодната земја. Имено полето му припаѓаше на селскиот бег Карасалија како и власта над македонските селани. Тие требаше прво да ги завршат сите полски работи на беговите ниви па потоа на своите ниви и бавчи. Летото, пак, кога се береше пченката, сите селани по наредба на бегот требаше да се договорат да си ја соберат пченката само за еден ден, затоа што на другиот ден во тие ниви ќе влегуваа стадата на бегот да пасат и ќе им правеа зијан ако пченката не беше собрана. Се пренесувало од поколение на поколение со кажување, за маките тогашни на поробените Македонци.

На денот, на пример, на бербата на богатиот род на пченката, излегувал бегот на патот што води кон полето и седнувал на земја со скрстени нозе. Го забодувал ножот в земја покрај себе, да го гледаат селаните што минувале и Карасалија им наредувал под закана на сите да одат прво во неговиот чифлик да му ја соберат пченката па потоа да се грижат за своите ниви.

— Го гледаш овој нож, бре ѓаур — викаше бегот. Како што е забоден в земја овој нож, така ќе го забодам во твојот мев ако не појдеш на мојата нива. Под таквата закана селаните работеле за бегот. Произволот немаше крај. Така беше и во цела Македонија за време на петвековното турско ропство.

ТОПОНОМАСТИКА

Не само името на селото Неволјани, туку и називите на околните месности се чисто македонски со изразит белег на леринскиот македонски говор. Ќе ги наведам тие убави и звучни имиња на нашите месности:

1. *Во полето месностите ги имаат следниве називи:*

Топилата
Горнио бунар
Слатината
Ревано
Големите есики
Смеси
Градските ливаќе
Изриов кладенец
Вириштата.
Шулдур
Бела чешма
Киркои ливаќе
Сувиот реван
Лаженски ливаќе
Ж'та вода
Красимирци
Долниот бунар
Маалски лозја
Богупасе
Кучковскиот мост
Лаките
Ормано
Завоите
Малите есики
Каплана

2. *Имиња на планинските месности:*

Греоцки дол
Кулата
Свети Илија
Зимниците
Клепала
М'згалката
Пештерата
Суљови нивје
Минои нивје
Трсјанската црква.
Орешките
Врбучка
Габерски дол
Бошњакова нива

3. *Имиња на други месности западно од селото:*

Кајчии ливаѓе
Диневските воденици
На Ќумузо воденицата
Горнио мериз
Цикоа ливада
Коачои нивје
Калуѓерица
Кајчеа воденица
Шинанови воденици
Мутоа ливада
Змијарнико
Киркоа нива
Водениците
Горните ливаѓе
Мискетои воденици
Долнио мериз
Леската
Рамен рид
Елите

4. *Имиња на месности југозападно од селото:*

Јаноа црква
Муаремоа нива
Карабунар

И натаму кон запад од Неволјани се планинските месности:

Гумништа
Калуѓеров камен
Трите буки
Салиов глас
Мала вода
Арамиското кладенче
Голема вода
Орницата
Елите

и 5. на југозапад од селото:

Горничката	Плугара
Еленица	Марушкина ливада
Четирските ливаѓе	Црна прс
Лопушнец.	Среден рид
Четирските лозја	Леската

Овие имиња се трајни сведоци за словенските корени и македонската припадност на населението од нашиот крај и неможат да бидат избришани иако се правени такви обиди. Познат е, на пример, фактот дека од 1926 година во Егејска Македонија, грчката влада ги менувала систематски имињата на македонските села и на градовите. Така и името на моето село Неволјани тогаш беше сменето и го нарекоа Скопјá (Σκοπιά). Но сите ние и не само ние си го викаме Неволјани, оти она другото име за нас е по.во

ЦРКВИТЕ ВО СЕЛО НЕВОЛЈАНИ

Во село Неволјани во старо време имало 5 цркви и тоа: Свети Илија, Свети Димитрија, Јаноа црква, Света Петка и Света Богородица.

Јаноа црква за време на турското владеење била разурната и бидејќи се наоѓала надвор од селото, Турците не им дозволија на селаните поново да ја изградат истата. Се сеќаваме на тие урнатини сè до крајот на втората светска војна. Тогаш нашиот соселанец Трајан Мишката со свои средства подигна на тоа место едно мало манастирче, постави таму икона и кандило, а му остави завет на Иљо Јованов и нешто пари, по неговата смрт да се грижи за тоа црквиче и да го пали кадилото.

Црквата *Свети Димитрија* што се наоѓа во селото пред Кирациничините порти, беше добро сочувана за време на османлиското владеење. Таа е оградена со 3 метра висок ѕид а во авлијата на црквата има многубројни

и разни плодни и декоративни дрвја што претставуваа вистински украс како за црквата така и за селото. За оваа црква се грижеа Мице и Мицејца Алексови. За време на Првата светска војна црквата настрадала, авлијата беше разурната, но додека беа живи Алексови, тие се грижеа за неа и некако ја одржуваа и се грижеа за иконостасот на црквата. Потоа се грижеа жените од маалото, додека селската општина и црковната управа не се погрижија како што требаше за оваа црква што пропаѓаше.

Црквата *Свети Илија* што се наоѓаше на горниот крај од селото и таа пропаѓаше со текот на времето и на тоа место постоеше мало манастирче за кое се грижеше Коле Трајчев. Овде секоја година на ден Илинден се одржува голема прослава и народна веселба. Се собира цело село и старо и младо на панаѓур. Оваа убава македонска традиција продолжува и до ден денешен иако селото по Граѓанската војна во Грција (1946—1949) е преполовено и скоро трите четвртини од жителите на селото се иселија.

По пропаѓањето на гореспомнатите цркви селото се присобра околу црквата *Света Петка*, изградена уште 1832 година, според написот на каменатa плоча пред самиот олтар на црквата.

Но бидејќи селото постојано се развиваше и растеше, оваа црква беше веќе мала за селото. Затоа селаните се здружија и со свои прилози и лична доброволна работа во 1900 година започнаа со изградбата на новата црква *Света Богородица*, голема и убава каква што немаше во цела Леринска околија па ниту во градот Лерин. Црквата е градена од делкан камен од вредните раце на Неволјанчани во текот на десет години и беше завршена и осветена 1910 г. Над главната врата на црквата на голема камена плоча беше напишан датумот на изградбата и со кирилско писмо имињата на главните иницијатори на изградбата. Но 1925 година, грчките власти испратија специјално човек, кој со длето го избриша словеномакедонскиот натпис на таа плоча.

ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ И СТРАДАНИЈАТА ПОТОА

Селото Неволјани масовно се вклучи во Илинденското востание на македонскиот народ против турското господство, за национална и социјална слобода, кое беше дигнато на 2 август 1903 година (20 јули 1903 г. по стар стил). Како месни војводи се истакнаа тогаш Иљо Видинов и Пеце Стојнинчев, а меѓу револуционерните борци Крсте Танасчев, Ристо Нанов, Ристо Нумчев, Филип Чепкезо и други. Народот сестрано го подржа востанието и со радост ја очекуваше својата слобода. Но таа беше краткотрајна. Сјајот на Крушевската република траеше само 10 дена. Востанието беше задушено од многубројната турска војска. Големи жртви даде тогаш македонскиот народ а неговите страдања продолжија и по востанието. Учесниците во востанието беа жестоко прогонувани. Во Неволјани беа убиени од Турците: Дане Игнов и Геле Севдин. Нумче Мискето заедно со својот син исто беа убиени на својата нива кај Лаките, а Мито Турјанецо близу Маалската река на патот од орманот.

За овие убиства Неволјанчани бараа одмазда. Така Петре Стојнинчето го уби турскиот пољак Џафер, а Ристо Нанов го уби синот на фетата. Филип Чепкезо уби едно Турче од Лерин кое дошло по дрва во селската корија. Еве, како го раскажуваа овој случај: кога Турчето се враќало од коријата и минувало низ селскиот мегдан каде што беа чешмите, застанало наспроти жените што налевале вода и мочало да го гледаат сите. Филип Чепкезо, селски бакал што го држел дуќанчето на Бабаровци, ја видел таа сцена и силно револтиран се скарал со него. Турчето нагло му се спротивставило и ги навредувало христијанските селани. На следниот ден Филип Чепкезо го начекало Турчето кај месноста „Греоски дол" и го убило а селаните го закопале во некоја нива. Турските власти не беа во состојба да го откријат сторителот на убиството.

За хаотичната ситуација што владееше по задушувањето на Илинденското востание тогаш во Неволјани

и во сета Леринска околија, сведочат и убиствата, во селото, на Поп Анастас и Поп Коста. Првиот беше убиен од Крсте Танасчето поради тоа што тој го организирал убиството на Тасе и Коле Севдин. Вториот, пак, беше убиен, бидејќи се сомневало дека бил учесник во масовното убиство на 40 души кои биле одведени од Кладораби и околните села од страна на грчките андари во Јачово поле и таму заклани. Убиството, пак, на поп Анастас и на поп Коста беше повод грчките андари заедно со турската војска да извршат вистински масакр во селото. Во тоа им помогна и Ламе Ламчето кој ги доведе Турците и грчките андари на свадбата на Ристо Лаженкин, велејќи им дека тука се кријат комити и треба да ја изгорат куќата, но за среќа беа навреме забележани од свадбарите и спречени.

Тогаш тие се упатиле на свадбата на Коте Јанев. За да им успее планот тие прво пратиле некој човек кој започнал на луѓето собрани на свадбата да им прави некои факирски трикови со цел да ги собере сите свадбари на едно место. Потоа Турците и грчките андари ја опкружиле куќата, ја напрскале со газија и ја запалиле. Едновремено пукале во вратата врз невините луѓе кои панично бегале да се спасат од огинот. Четиринаесет луѓе изгореа или беа убиени таа вечер на свадбата и тоа: Ѓорѓи Јанев, татко на зетот, Лазо Јанев, стрико на зетот, Мити Јанев, Ване Тиљев, Делјо Тиљев, Ката Тиљева, ќерка на Ване Тиљев, Васил Типулов, Нуме Јованов и др. Освен жртвите беше причинета и материјална штета од над 3000 турски лири. Организаторот на овој масакр Ламе Ламчето беше убиен од Пеце Стојничето кај воденицата на Ќумузо во знак на одмазда.

Дедо Јован Џиков раскажувал дека бил на таа свадба но кога видел дека дошол непознат човек, маскиран и почнал да им прави факирски трикови, станал и си заминал. На патот го фатиле наоружани грчки андари. Тој им рекол дека бил кај ќерка си. Го одведоа дома под стража и го чуваа сè додека не ја завршија заеднички со турскиот аскер гнасната операција и тоа на една свадба!

УЧИЛИШТЕТО ВО НЕВОЛЈАНИ НЕВОЛЈИТЕ СО ЈАЗИКОТ

Во Неволјани постоеше народно училиште уште од крајот на минатиот век и сè до поделбата на Македонија во 1913 година, каде што децата се школуваа на својот мајчин јазик. Потоа паралелно беше отворено и грчко училиште, но малуброjните деца што го посетувале, само во училиштето зборуваа грчки додека надвор и дома си зборувале на својот мајчин македонски јазик.

Сите се сеќаваат меѓутоа, на подоцнежниот суров период кога дури и јазикот се најде под удар на грчките реакционерни закони. Тоа се случи со воспоставувањето во Грција на метаксасовата диктатура од 4 август 1936 година. Имено тогаш со закон беше забранета употребата на македонскиот јазик. Значи сите тие кои не знаеа грчки требаше да замолкнат. Не смееше да се пее на свадби, на крштевки и на веселби. Прекршувањето на законот се казнуваше со 300 драхми на самото место, а при секое спротивставување полицијата ги одведуваше луѓето во полициските участоци и ги малтретираше.

Во 1937 г. во сите македонски села, грчките власти отвориja вечерни училишта за изучување на грчкиот јазик од страна на старите луѓе кои воопшто не го знаеја грчкиот јазик. Тие „училишта", се разбира, заедно со теророт и разните методи на угнетување и дискриминација на Македонците, требаше да помогнат за денационализацијата на македонското население.

Многубројни анегдоти останаа од тоа време на забраната на македонскиот јазик. Да наведам еден: Некој си стар селанец си одел со своето магаре на нива. — „Уш, бре пусто" — му викнал стариот на магарето. Ова го слушнал еден жандар грчки и поднесол тужба против селанецот. Пред судот го прашале селанецот: „Зошто на магарето му зборуваш бугарски?". „Па не

разбира грчки, господине судија, моево магаре. Нема ниту „вечерна“ магарешка школа да го пуштам да се научи“ — му одговорил стариот.

* * *

Ново и убаво училиште во село Неволјани беше изградено 1935 година и тоа по иницијатива на селската општинска управа во тоа време што ја сочинуваа Коле Танасчето, Сотир Кирациев, Лазо Малина, Ристо Динев и Ристо Золи. Финансиска помош дадоа печалбарите од селото што беа во Америка, Канада и Австралија. Училиштето беше изградено со доброволна работа на сите жители на селото. Тоа е убава зграда со три ката, со убави училници и сите потребни простории за едно училиште со шест одделенија, односно основно шестгодишно училиште.

ПРОБЛЕМОТ СО ВОДАТА, ИЗГРАДБАТА НА ВОДОВОДОТ

Селото Неволјани до 1928 година немаше чиста и здрава вода за пиење. До тогаш водата до селските чешми доаѓаше по глинени цевки и се зафаќаше од реката Матица над селото кај една долинка. Неколку куќи имаа и сопствени бунари во својот двор, а околу селото имаше и неколку природни чешмурки кои летно време секнуваа.

Само едно мало изворче во старата корија, на 2 км од селото, не секнуваше. Тоа се викаше „Кара Бунар“ што на турски значи Црн Бунар. Ова име го добило поради тоа што некогаш тука Турците одведоа некоја девојка христијанка и ја обесчестија.

Од ова изворче налеваа вода младите девојки и момчиња од Кирациčино и Стојничево маало.

Така, за да налеат чиста вода жените требаше да станат в зори пред да поминат селаните со коњите и магариња низ поточето каде што се зафаќаше вода-

та над селото, бидејќи потоа водата беше матна а понекогаш и опасно не хигиенска затоа што магариња та, обично цапајќи низ вода, запираат токму тука и ја загадуваат. Имаше појави на разни болести: туберкулоза, тифус, маларија што го потресуваа селото и понекогаш во минатото беа десеткувани и цели фамилии.

Тоа ги натера Неволјанчани сериозно да го сфатат проблемот со снабдувањето со вода за пиење и да го решат со сопствени сили оти немаше кои друг да го реши во тоа време. Група напредни селани на чело со покојниот Гичо Лаженкин ја презедоа иницијативата и започнаа да агитираат пред селаните дека со сопствени сили и со заедничка работа може да се донесе во селото чиста и здрава вода и тоа од главниот извор што се наоѓа на 10 километри од селото, на планината Калуѓерица. Некои постари луѓе тогаш како дедо Ѓорѓи Тасев, дедо Лазо Тасев, Стојан Попов, Иљо Тасев и други не веруваа во таа можност и една таква смела за тоа време идеја им изгледаше дури и неостварлива.

Но благодарение на упорноста на иницијаторите, оваа благородна работа се оствари. Најзаслужени за овој потфат беа: Гичо Лаженкин, Коле Танасчето, Поп Димитри Стамболи, Нуме Трајчев, Васил Трајчев, Лазо Малина, Ристо Динев, Иљо Стојнинчев, Ване Рисин, Тасе Џиков, Ване Цуцулов и многу други.

Голема беше заслугата и материјалната помош на иселениците од селото во Соединетите Американски Држави, во Канада и Австралија, кои испратија голема парична помош за изградбата на овој водовод, односно за доведување вода во Неволјани. Да ги наведеме овде нивните имиња: Иљо и Мито Франгои, Павле Кираџичин, Сотир Кираџичин, Мито Кираџичин, Танас Буџов, Лазо Нолев, Пеце Нолев, Ристо Гроздин, Пеце Гроздин, Коте Јанев, Пеце Арбалија и други.

Со доброволна лична работа за изградба на овој водовод се ангажира и помогна целото село. Да се изгради тој водовод долг 10 километри не беше едноставна работа. Неволјанчани тоа го сторија и ја донесоа во селото бистрата вода од изворот на Калугерица. Во селото беа изградени по една чешма во секое маало

што беше доволно сите жители да имаат чиста и ладна здрава вода за своите потреби и за добитокот. Овој водовод овозможи подоцна да се изгради во селото и водоводна мрежа и да се доведе вода во секоја куќа.

Треба да се подвлече дека ова дело на Неволјанчани одекна позитивно тогаш во целата Леринска околија и во самиот град Лерин, бидејќи дотогаш ни едно село немаше водовод и таква чиста изворска вода за пиење, па ниту градот. Токму затоа многу Леринчани доаѓаа во Неволјани да си налијат чиста планинска вода за пиење и воедно да прошетаат 3—4 километри на чист воздух и пријатна природа. Тоа овозможи уште, преку лето селото да привлекува и извесен број луѓе кои доаѓаа на летување како туристи, на чие располагање им беа свежото овошје и зеленчукот, изобилството на млечни производи и гостопримството, а пред сè срдечноста на Неволјанчани.

ПРОМЕНА НА ИМЕТО НА СЕЛОТО

Поради сите овие убавини, кога 1926 г. грчките власти започнаа да ги преименуваат сите села и градови во Егејска Македонија, односно да ги заменуваат нивните словено-македонски имиња со грчки, тие во почетокот предложија Неволјани да се вика Периволи (што на грчки значи градина). Имаше и спротивставувања на таа мерка од страна на селаните. Тогаш поставија и еден плакат на ѕидот на ковачницата на Лазо Мискето на кој пишуваше хорио „Периволи" (село Периволи). Една ноќ тој натпис беше симнат и на негово место залепен друг на кој пишуваше: „Долу Периволи — Да живее Неволјани". На крајот, се разбира, со закон беше наложено сменувањето на името и така селото го нарекоа Скопја (Σχολια). Овој збор на грчки значи стражарница или посматрање од високо. Но, ние Неволјанчани, како и сите Македонци нашето село си го викаме со оригиналното и убаво име што му го дадоа нашите прадедовци — Н Е В О Л Ј А Н И. И денес сите околни села нè викаат Неволци.

ПЕЧАЛБАРСТВО, ТУЃИНА, ИСЕЛУВАЊЕ

Неволјанчани осебно во минатото, претежно се занимавале со земјоделство, градинарство и сточарство. И подоцна селото произведуваше жито, млеко, грав и јагоди. Но за време на турското владеење, бидејќи најплодородните ниви ги поседувале Турците, тешко се живееше од овие занимања. Затоа селаните тогаш собираа дрва в планина и ги продаваа во Битола. Требаше со натоварените дрва на магарења, мазги и коњи да се помине пат од 30 км пешки за да се стигне до Битола и да се заработи некој грош. На враќање пак, качувале од Битола за Лерин некој Евреин трговец или некој Турчин за некој грош кирија. Од Неволјани за Битола се тргнуваше на полноќ за да се стигне утрото во Битола и истиот ден откако ќе ги продадеа дрвата и ќе купат нешто потребно за егзистенција, се враќаа назад.

Тешкиот живот ги натера порешителните селани уште во минатиот век да одат на печалба во Истамбул, во Анадолија и во Романија. Тие прифаќаа секаква работа што им се нудеше. Кога се отвори патот за Америка, некои Неволјанчани уште пред 1900 година заминаа за Америка на печалба. Меѓу првите беа Лексо Арбалија, Ване Лаженко, Коце Џиков, Коце Достин и други. За време на уриетот уште повеќе млади луѓе заминаа за Америка каде што по неколкугодишен престој се враќаа назад во селото, си купуваа по некоја нива и си градеа нови куќи.

Меѓутоа, по Илинденското востание и до 1914 година многу фамилии се иселија и во Бугарија, како на пример, Пеце Стојничин, Наум Чепкезо, Ристо Нанов, Пеце Попов, Мито Попов, Ристо Лаженкин и др. Во Америка се исели Крсте Танасчето.

Иселувањето продолжи и по Првата светска војна. Луѓето заминуваа за Соединетите Американски Држави, за Канада и Австралија. Многумина тогаш си ги земаа и своите фамилии, напуштајќи ги своите куќи и имоти во селото. Тоа иселување доби димензии на масовно напуштање по Втората светска војна и особено по Гра-

ѓанската војна во Грција (1946—1949). Се чини за момент дека на луѓето им се одмили стариот крај. Се разбира, дека причините за оваа појава се подлабоки и попотресни и можеби некогаш ќе бидат предмет на проучување.

Овие масовни иселувања во прекуокеанските земји доведоа до тоа да се намали населението на селото од 2900 на само 600 жители во 1982 година. Болно одекнува овој факт во срцето на секој Неволјанчанец.

Неволно, си го спомнувам кажувањето на постарите за тоа, дека кога во 1924 година си заминуваа и последните турски жители од Неволјани, а на нивно место и во нивните куќи се уселуваа мајцирите од Мала Азија и Кавказ и им се доделуваа имотите на Турците, бегот Карасалија пред да го напушти селото им рекол на некои селани: „Знам дека се радувате што си одиме ние некрстените Турци, но знајте дека никогаш нема да се ослободите од овие крстените Турци што доаѓаат на наше место!".

ВОЈНИ, БОРБИ, СТРАДАНИЈА И ЖРТВИ

За време на Првата светска војна на Неволјани му беа нанесени големи материјални штети од разни војски кои минуваа и војуваа токму на овој терен 1917—1918 г. На селаните им беше одземен добитокот и им беа испразнети амбарите. Беше исечена целата Стара корија. Селаните беа мобилизирани на ангарија за потребите на фронтовите.

По завршувањето на таа војна, како што е познато, Грција се спремаше за војна во Мала Азија и затоа сета младина беше мобилизирана во грчката војска и испратена на војната со Турција 1919 г. Во 1922 г. грчката војска претрпе катастрофален пораз кај Измир и беше отфрлена од Мала Азија. Во таа војна како војници на грчката армија учествуваа триесетина младинци од Неволјани, а погинаа во Мала Азија:

Тасе Гулин *Мито Аврамин*
Васил Солев *Тодор Стрезов*
Стефо Димитриов *Нуме и Тане Димитриови*
Коле Скендев. *и други.*

Кога на 28 октомври 1940 година фашистичка Италија ја нападна Грција преку Албанија, пак беа мобилизирани сите во грчката војска и учествуваа во борбите на Албанскиот фронт. Тогаш и од Неволјани во редовите на грчката војска се боревме педесетина луѓе. Во таа антифашистичка војна паднаа на бојното поле следниве јунаци од нашето село Неволјани:

Тасе Алексовски — водник Агисилаос Бакрацис — десетар
Тодор Скендов
Пандил Мацин Доне Арнаутов
Сотир Налбати. Иљо Струмин

Од бомбардирањето на селото погина и Лена Котевска.

За време на таа војна на населението му беа одземени коњите и мазгите за потребите на фронтот без никакво обештетување.

Но најапсурдниот и бесчовечен однос на грчките власти спрема Македонците во тој период беше манифестиран со апсењето и депортацијата на стотици луѓе на островите во Егејско море. Така, додека младите војници се бореа и гинеа на првата линија на фронтот во Албанија, нивните родители и постари браќа беа затворани, мачени и интернирани само затоа што беа Македонци.

НАРОДНИОТ ОТПОР ПРОТИВ ФАШИСТИЧКИТЕ ОКУПАТОРИ 1941—1944

Своите демократски, антифашистички и слободољубиви чувства, жителите на Неволјани особено ги изразија во времето на Народниот отпор против фашистичките окупатори 1941—1944 г. и Народноослободителната борба.

Да напомнам дека во селото беше основана организација на КП на Грција уште пред 1932 г. со неколку членови и повеќе симпатизери. Како инструктори тогаш во селото доаѓаа: Барбајани од Лерин, Калајџидис од Клештина, Ставре Кочовски и Вангел Куичев од Баница, а подоцна од 1936 г. и Лазо Трповски од Д'мбени, Костурско. Акцијата на партиската организација во селото пред војната беше насочена кон привлекување повеќе членови, истакнување и гласање за нејзините кандидати на парламентарните и општинските избори, кон просветна работа меѓу народот и младината.

Партиските организации се активираа веднаш по окупацијата на земјата од германско-италијанските и бугарските фашистички војски. Од сите политички партии во Грција единствено КПГ (Комунистичка Партија на Грција) се зафати со организација на народниот отпор против окупаторите и нивните домашни помагачи. Македонскиот народ заедно со чесниот грчки народ масовно учествуваше во тој отпор во 1941—1944 година.

Од село Неволјани, Леринско, активно учество во ЕЛАС (Грчка Народно-ослободителна војска) и во ослободителните организации ЕАМ (Национално-ослободителен фронт), ЕПОН (Единствена Сегрчка младинска организација), СНОФ (Славјано-македонски Народно-ослободителен фронт) зедоа следниве борци:

Стојан Трајчев	Васил Стрезов
Доне Германов	Ристо Кирациев
Стојан Нанов	Пандо Дрдулов
Георги Бибев	Крсте Кирациев
Ристо Стрезов	Тего Стојничев
Тасе Нолев	Паса Дрдуловска
Крсте Кузев	Иљо Лаженкин и
Тасе Јованов	Димитрис Лазарис

Својот живот во народната борба го положи *Стојан Трајчев.*

Оддавајќи му почит и признание на овој храбар борец ги наведувам овде неговите кратки биографски податоци. Тој е роден во Неволјани 1917 г. од татко Нуме и мајка Ката. Учествуваше во Грчко-италијанската војна во Албанија 1940—41 г. и беше ранет на фрон-

тот. Потоа за време на окупацијата стапи во организациите на отпорот и излезе партизан. Беше партиски активист. Во февруари 1944 г. по задача се наоѓаше во с. Овчарени. Беше предаден од некој шпион и заробен од една бугарска единица што опериираше заедно со Германците. Во Лерин го мачеа жестоко, но Стојан се држеше храбро. Бугарите му го предадоа на Германците а тие го одведоа во логорот Павлос Мелас во Солун. Едно утро беше најден исфрлен од прозорците на затворот, мртов.

Во август 1943 г. германските окупатори го уапсија *Поп Димитри Стамболи* од Неволјани и со уште 14 луѓе од Лерин и околните села ги обесија близу селото Кладораби на патот Лерин—Битола.

Германските окупатори повеќепати го ограбуваа селото. Тие го одведоа целото стадо биволи и крави од пасиштето право в кланица без воопшто да прашаат некого.

По завршувањето на војната, како што е познато, Грција ја зафатија нови немири. Надежите, дека ќе дојде толку саканата народна слобода, пропаднаа. Насилство и терор завладеа на секаде. На власт во Грција дојде реакцијата и монархофашизмот. Македонското население доживеа тешки денови на голем терор и погроми. Први на удар се најдоа борците антифашисти — учесници во Народно-ослободителната борба против окупаторите.

ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА 1946—49. БОРБА И ПОРАЗ. ИСЕЛУВАЊА, ИСКОРНУВАЊА

Уште 1945 г. на народот на Грција му беше наложена Граѓанската војна, кога на власт дојдоа вчерашните соработници на окупаторот. Нови маки и страдања. Борците на отпорот и честите патриоти мораа да бегаат в планина за да се спасат од нечуениот терор на монархофашизмот.

Во тие тешки години од Неволјани беа затворени во Леринскиот затвор многу луѓе. Осуммина беа стрелани во Лерин и тоа:

Пеце Типулов	Пеце Золи
Павле Гроздин	Стефо Золи
Пеце Трпков	Пеце Нанов
Ставре Стрезов	Георги Бишкаров

На островот Микронисос беа одведени Тодор Цуцулов и Стефо Скендов, каде што и двајцата беа усмртени со нечуените методи на мачење што ги применуваа таму грчките монархофашистички џелати. *Тасе Јованов* во овој логор се споулави од големите маки и мачења на кои беше подложен и во состојба на полно нервно растројство го пуштија дома, уништен и упропастен.

Уште двајца селани беа убиени од владината војска и тоа *Ставре Улерчев* (Гулин) и *Пеце Опкето* без никаков повод. Нив ги зедоа ангарија по планините, насилно да им носат муниција и повеќе не се вратија. Тие беа убиени, но не се знае под какви околности.

Многумина селани, кои беа интернирани на островите во Егејско море, во периодот на Граѓанската војна во Грција, останаа таму повеќе години и по завршувањето на таа војна.

Борците антифашисти ја создадоа Демократската Армија на Грција (ДАГ) уште 1946 г. и храбро му се противпоставија на монархофашистичкиот терор. Во ДАГ учествуваше голем број Неволјанчани. Многумина паднаа во жестоките четиригодишни борби. Оддавајќи им чест и признание да ги споменам овде паднатите борци на ДАГ од Неволјани:

1. *Крсте Кирациев*, роден на 17. 6. 1923 г. Загина на 23. 5. 1946 г. во полето кај с. Лажени, Леринско.
2. *Тасе Нанов*, роден 1915 г. Загина 1947 г. во борбите кај Мургана, во Епир.
3. *Тасе Мазенков*, роден 1935 г. Загина 1948 г. во големите борби на Грамос.
4. *Ристо Мазенков*, роден 1910 г. Загина 1949 г. на Грамос.
5. *Вангел Лузов*, роден 1934 г. Загина во борбите на Грамос 1948 г.

6. *Васил Мишков*, роден 1922 г. Загина на Грамос 1948 г.

7. *Иљо Лаженкин*, роден 1928 г. Загина во борбите кај Мали Мади 1948 г.

8. *Лазо Делигочев*, роден 1933 г. Загина во борбата кај Хелона, 1949 г.

9. *Тасе Лаженкин*, роден 1933 г. Загина во борбата на Науса 1948 г.

Умрени борци на ДАГ:

1. *Коста Рисов*, роден 1928 г. По поразот на ДАГ емигрирал во Ташкент, СССР. Потоа се усели во Скопје, каде што умре 1965 г.

2. *Спиро Кузманов*, лекар. Умре во Скопје.

3. *Васил Стрезов*, умре во Ташкент, СССР.

4. *Ристо Ружин*, умре во Ташкент, СССР.

5. *Филип Димитриов*, умре во НР Романија.

По поразот на ДАГ 1949 г., нејзините борци емигрираа главно во град Ташкент, Узбекистанска ССР во Советскиот Сојуз, а исто така одреден број борци, голем број деца и цивилно население се најдоа во Југославија, Романија, Бугарија, Полска, Чехословачка и Унгарија.

Еве, каде ги однесе судбината многумина Неволјанчани во тоа немирно време:

Во СССР, град Ташкент: Стојан Нанов, Георги Бибев, Васил Стрезов, Доне Германов, Ристо Кирациев, Кочо Рисов, Ристо Ружин, Крсте Кузев, Димитрис Лазарис, Паса Дрдулова, Нуме Нанов, Тего Стојнинчев, Ставре Мазенков и Спиро Кузманов.

Во НР Романија: Таса Нанова, Циља Нанова, Махи Нанова, Ристо Нанов, Митра Нанова, Мара Нанова, Стефо Нанов, Дежда Германова, Стефо Германов, Томка Германова, Ката Германова, Митра Германова, Филип Димитриов, Филипица Димитриова.

Во НР Унгарија: Ристо Стрезов.

Во *НР Полска:* Тасе Нолев, Георги Нанов, Тасица Нанова, и Мито Трпин.

Во НР Чехословачка: Пандил Дрдулов, Пандилица Дрдулова и Ристо Дрдулов.

Во СФР Југославија: Мара Стрезова со две деца, Томка Стојнинчева со две деца, Георги Стрезов, Пандора Кираџичина, Крсте Кираџичин, Коста Скендов, Линка Скендова, Васил Кираџичин и Иљо Лаженков.

* * *

Освен тоа во денешно време во Канада се уселени и постојано живеат вкупно повеќе од сто фамилии од Неволјани.

Во Соединетите Американски Држави живеат околу 20 фамилии.

Во Австралија постојано живеат приближно сто фамилии.

Оваа слика не е карактеристична само за Неволјани, туку и за многу села и градови ширум Егејска Македонија. Причините за тоа се длабоки.

Би било добро сите ние соселани од село Неволјани, Леринско да контактираме повеќе меѓу себе, да се среќаваме при секоја можна прилика да си го споменуваме нашето прекрасно и незаборавено село, нашите убави македонски традиции, обичаи и песни и да ги култивираме истите да не се забораваат. Вистинска среќа би била ако некој ги опише сите тие работи и да ги објави.

Во името на тие наши традиции јас ќе бидам среќен ако во тој правец помогне и оваа мала книшка со само некои податоци за едно село големо и убаво, кое постои во стариот крај. Илјадници негови жители живеат далеку од него, но не го забораваат никогаш!

ПРИЛОГ

Нашите корени

КРАТОК РАСКАЗ ЗА ФАМИЛИЈАТА КИРАЏИЧИНИ или КИРАЏИЕВИ ОД СЕЛО НЕВОЉАНИ, ЛЕРИНСКО

Мојот дедо КРСТЕ КИРАЏИЧИН со баба ЈАНА имале три сина: *Павле, Мито* и *Сотир*. Дедо Крсте и баба Јана со своите деца живееле многу сиромашно. Имале малку имот и нешто добиток. Тешко се живееше под османлиското ропство. Дедо Крсте со две магарења одел в планина да собере дрва, па ги носел во Битола да заработи некој грош. Бил роден 1860 г.

Според живите кажувања, прадедовците Кираџичини биле Македонци од словенско потекло, староседелци, веројатно од времињата на доаѓањето на Словените во Македонија (7—8 век од нашата ера).

... Во куќата на Крсто и Јана Кираџичини, живеела учителката Гуца од с. Песочница, Леринско. Рацете ѝ биле изгорени, а ѝ ги изгорел намерно некој фанатик грчки андарин, затоа што ги учела децата на својот мајчин македонски јазик. Но учителката Гуца, без прсти и со двете изгорени дланки продолжуваше да ги учи децата, држејќи го моливот со двете осакатени раце без ни еден прст.

Рано умрел дедо Крсто и ја остави баба ми со три мали деца. Таа активно учествуваше во Илинденското

востание и соработуваше со војводите Пеце Стојаничето и Крсте Танасчето, извршувајќи доверливи задачи на ВМРО (Внатрешна Македонска Револуционерна Организација).

ПАВЛЕ КИРАЦИЧИН — најстариот син на дедо ми, роден е 1880 г. Уште како 15-годишно дете заминува на печалба во Истамбул со тетин му Лексо Арбалијата, со цел да заработи нешто за издржување на својата мајка и двата помали браќа. Неколку години по враќањето од Истамбул и кога се отвори патот за Америка, Павле заминал пак на печалба во градот Маслон. По некое време ги зеде во Америка и своите браќа Мито и Сотир. Таму спечалија нешто и се вратија во селото. Се ожениле и пак заминале за Америка, а се вратија дома 1928 г. Си изградија куќи во селото, си го средија малку животот и така Павле и Сотир си останаа во селото, додека Мито се вратил во Канада, каде што починал 1929 г. во градот Нијагара Фалс.

Павле со жена му Митра имале 4 ќерки и еден син Ристо. Најстарата ќерка умрела на 27 јули 1923 г. Другите три ќерки се омажија и имаат свои фамилии. Најстарата сестра Мара живее во Австралија, а другите две во Канада.

Ристо Кирациев со жена му Вангелија и синот Јани живеат во Канада. Јани е оженет со Ката и имаат две машки деца: *Лазо* и *Павле*. Ристо е роден на 15. 2. 1912 г. Се оженив на 7 октомври 1933 г. Член на КПГ станав 1935 г. Учествував во Грчко-Италијанската војна 1940—1941 г. на Албанскиот фронт. Бев заробен од Италијанците. Се вратив од заробеништво од Италија на 17. 10. 1941 година. Во окупирана Грција бев прогонуван од германските окупатори како антифашиста и затоа 1942 година поминав во илегалство, а 1943 г. стапив во Народно-ослободителната војска на Грција ЕЛАС, каде што останав сè до 1945 г. Потоа поради новите прогони на борците комунисти и антифашисти во Грција, преминав во Југославија. Оттаму на 27. 2. 1948 г. се вратив и стапив во Демократската Армија на Грци-

ја — ДАГ. На 27 јули 1948 г. бев ранет во борбите кај Клефтис на Грамос. Се лекував во Албанија и на 27. 4. 1949 г. се вратив пак во ДАГ, на Грамос и останав до крајот, односно до поразот на ДАГ и отстапувањето во Албанија кон крајот на август 1949 г. По два месеца од Албанија заедно со борците на ДАГ емигрирав во Советскиот Сојуз во град Ташкент, Узбекистанска ССР во Централна Азија. Таму останав до 1957 г. кога се уселив во град Битола, Југославија, СР Македонија. Овде во Битола си ја прибрав фамилијата од Грција — жената и синот Јани. Меѓутоа синот откако ги завршил своите студии во Скопје, 1969 г. замина за Канада каде што се оженил 1970 г. и остана на постојано живеење таму. Така и ние со жената решивме да се уселиме во Канада, кај нашиот син-единец.

МИТО КИРАЦИЕВ — вториот син на дедо ми, со својата жена Велика, родија една ќерка и три сина: *Борис, Васил* и *Крсте.*

Борис Кирациев е роден 1909 г. Заминал за Канада 1930 г., а 1948 г. си ја зеде и фамилијата — жената Гула и двете деца Пеце и Мито, а во Канада им се роди и синот Луј.

Борис по долго боледување почина на 24. 12. 1982 г.

Сите три негови синови со своите фамилии живеат во Канада.

Васил Кирациев, исто така живее во Канада и има две ќерки: Томка и Олга, мажени и со фамилиите живеат исто во Канада.

Крсте Кирациев — најмалиот син на Мито и Велика, роден е на 18. 5. 1925 г. Бидејќи остана сираче од татко и мајка, млад уште во селото работеше кај сите за да може да преживее. Се оженил на 18 години за Панда, ќерка на Лазо Малина со цел да се прибери и да створи фамилија, но во тоа не успева. Тој беше активен младинец во Народно-ослободителната борба и поради тоа во 1944 г. дојдоа гестаповци од Лерин да го уапсат. Бидејќи не го затекнаа дома, тие ја фатија жена му Панда и ја затворија во Лерин, барајќи да се

предаде Крсте. Конечно со многу пари татко ѝ на Панда успеа да ја ослободи. По спогодбата на Варкиза и капитулацијата на ЕЛАС, Крсте беше прогонуван од грчките монархофашисти, поради што мораше да бега преку граница во Битола и потоа таму прибегнала и жена му. Но Крсте се врати да се бори во Леринско со првите партизански групи 1946 г. Еден ден, кога бил засолнет во полето на с. Лажени, со уште двајца другари и една другарка, биле забележани од пољакот на тоа село и предадени. Биле опколени на 23. 5. 1946 г. од владината војска, полицијата и наоружени пушкари. По неколкучасовна борба тројцата другари за да не паднат живи во рацете на непријателот извршија самоубиство, додека нивната другарка Софија од Баница беше ранета и заробена. Мртвите ги донесоа во центарот на Лерин и го собрале народот да ги гледа, а џелатите ги клоцале и пцуеле за да го исплашат народот.

Така заврши животот на најмладиот син на Мито и Велика Кираџиеви, несреќниот Крсте, кој сам си го одзеде животот за да не падне жив во рацете на разбеснетите монархофашисти.

СОТИР КИРАЏИЕВ, најмладиот син на Крсто и Јана Кираџичина, откако се врати од Америка 1928 г. си останал во селото Неволјани и си отворил дуќан. Но кога 1941 г. дојдоа германските војски му го ограбија дуќанот и тој остана речиси без ништо. Кога малку подоцна дојде во Лерин еден бугарски претставник, Сотир отиде кај него и му се пожали за сторената штета на неговиот дуќан, со надеж дека ќе извлече некое минимално обештетување. Бугаринот Костов му рекол дека не може ништо на издејствува и тогаш му предложи да го земе него во канцеларијата како преведувач бидејќи го знаеше добро и грчкиот и македонскиот јазик а исто и англискиот. Сотир се согласил поради платата што му беше понудена. Таквиот свој чекор, Сотир го платил со својот живот. Во 1944 г. го фатија партизаните, го одведоа со нечија помош и го ликвидираа. Така несреќно си го загубил животот, иако беше мирен и повлечен човек — ниту на мравката не газеше. Низа

години тој беше избиран одборник и претседател на селото Неволјани.

Остана жена му со двете деца Танас и Вангелија. Танас помина доста маки и искушенија во текот на Граѓанската војна во Грција. Тој се ожени 1953 г. со Лена, ќерка на Стефо Мишката, кој беше иселен во Австралија. Стефо го зеде во Австралија својот зет Танас Кирациев со жена му Лена и синот Ташули. Ташули учел правни науки и станал адвокат во Австралија.

... И така сите од семејството Кирацичини или Кирациеви се иселија во далечните прекуокеански земји, оставајќи ги своите имоти, своите мили куќи во милото и родно Неволјани, каде што се родија, израснаа и се бореа. Не е ли тоа типична судбина на македонска, егејска фамилија?

Но и далеку од стариот и мил крај, од милото село Неволјани, споменот за него и за Родниот крај секогаш живеат во нашите срца.

Торонто, Канада, 1985 год.

Излет на група Неволјанчани во планината кај месноста „Џикоа ливада", на 20 мај 1934 г.

An excursion of a group from Nevolyani on the mountain near the place "Djikova livada", on May 20, 1934.

На денот на свеченоста кога во селото беше доведена чиста и здрава изворска вода од изворите на планината Калугерица (25. 7. 1928 г.).

On the day when the clean and healthy running water was brought into the village from the mountain Kalugeritsa (July 25, 1928).

Велигден, 28. 4. 1929 г. На орото во село Неволјани, вистинска народна веселба. На преден план група младинци. Првиот и петтиот (од лево на десно) се Пеце Золи и Пеце Типулов, убиени 1948 г. од монархофашистите во завторот во Лерин.

The Easter Day on April 28, 1929. At the dance in the village of Nevolyani showing costumes of Nevolyani. In the foreground is a group of young people. The first and the fifth (from the left) are Petse Zoli and Petse Tipulov, killed in 1948 by the monarchofascists in the prison in Lerin.

Група селани од с. Неволјани за време на подготовките за изградба на водоводот, 1927 г.

A group of villagers from Nevolyani during the construction of the water system in 1927.

На ден 25. 7. 1928 г. во Неволјани беше пуштен свечено водоводот — дело на трудољубивите жители од селото. Момент од свеченоста.

On July 25, 1928, the water system was officially opened — a work of the people from the village. A picture from the celebration.

Крсте КИРАЏИЕВ, (1923—1946). Борец за народна слобода.
Krste Kiradjiev (1923—1946) a fighter for the people's liberation

Група од првите печалбари од Неволјани што заминаа за Америка уште пред I светска војна.
A group of the first emigrants from Nevolyani who moved to America before the First World War.

Браќата Кирациеви — Павле, Мито и Сотир со братучедот Пеце Арбалија и син му Тасе. Тие беа меѓу првите иселеници во Америка. (Фотографија од дваесеттите години). 1925

The brothers Pavle, Mite and Sotir with their cousn Pece Arbaliya and his son Tase. They were among the first emigrants to America. The picture was taken during the twenties.

Група борци од Неволјани, учесници во ЕЛАС и ДАГ, сликани во Ташкент, СССР, каде што живееа како политички емигранти од крајот на 1949 г. по поразот на ДАГ.

A group of fighters from Nevolyani, participants in ELAS and DAG, the picture was taken in Tashkent, USSR, where they lived as political emigrants from the end of 1949 (the defeat of DAG).

Од пикникот на Неволјанчани, во Торонто, Канада на 10 август 1969 г.

From the picnic of the people from Nevolyani in Toronto, Canada, on August 10, 1969.

Напуштените куќи на Кираџиеви, денес.
Deserted houses of Kiradjievi today.

THE VILLAGE OF NEVOLYANI, DISTRICT OF LERIN

I have decided to write and publish this booklet about the village of my birth, Nevolyani, in the district of Lerin in Aegean Macedonia. (Aegean Macedonia refers to the portion of Macedonia in Greece. ed.) I have been impelled in this undertaking by my great love for my village and its past, which has been characterized by great sacrifices in the fight for freedom.

The destiny of the Aegean Macedonians, as is well known, has been extremely cruel throughout the centuries. Against the evils of slavery, oppression, assimilation and non-recognition, there was an intense struggle for survival and freedom.

THE GEOGRAPHICAL POSITION OF THE VILLAGE

The village of Nevolyani is 3 km south of the town of Lerin and it is (or rather, it was) one of the largest villages around that town, with 300 houses and with a population of over 2,900 up until 1946. Nevolyani is situated at the foot of the mountains Kula and Lopushnec; towering over the village grove (koriya) is the peak of Kalugeritsa. A river flows through the village and the waters of this stream (also called Matica by the villagers,) used to drive about 15 water-mills and also watered the kitchen gardens found in the front of every house, as well as most of the fields of Nevolyani. The Chetirska stream flows from Mount Lopushnec.

This means that Nevolyani has its own mountains and fields and it is located between the town of Lerin and the villages of Lazheni, Pesochnitsa, Kuchkoveni, Maala and Krapeshtina. In the past, the mountain of Lopushnec was owned by a Turkish bey who later sold it to the villages of Nevolyani and Neret. The greater share was bought by Neret, a smaller was bought by Nevolyani and the bey Karasaliya kept a small portion which he later sold to the Nevolyani village community. However, it is said that the property which was bought with the money of the church, was taken by Kotse Nanov, Vane Dafov and Vane Dimitriov, members of the Church committee at that time.

BELIEFS AND LEGENDS ABOUT THE ORIGIN OF THE VILLAGE

